ППОВ.бр.2/22

Основниот суд во Штип, како првостепен суд, претставен од судијата Анита Јорданова како Претседател на Совет и судии поротници Марија Методиевска и Мимоза Таушанова Батева како членови на советот со записничар Тамара Ангелова, постапувајќи по предлогот за повторување на постапката првосилно завршена со пресуда на овој суд П4.78/15 од 18.01.2016 година поднесен од тужениот Винарска визба ИМАКО ВИНО ДООЕЛ Штип како предлагач, во постапката по тужбата на тужителот Владислав Михаилович Втулкин од Москва, граганин на Руската Федерација против тужени Винарска визба ИМАКО ВИНО ДООЕЛ Штип и Трговско друштво за трговија производство и услуги ИМАКО ДОО увоз-извоз Штип, основ надомест на штета, вредност 1.915.458,00 евра, по одржаното рочиште за расправање по предлогот за повторување на постапката на 23.01.2023 година во присуство на полномошникот на тужениот ИМАКО ВИНО ДООЕЛ Штип како предлагач, адвокат Гоце Цоневски од Скопје и адвокат Милена Наумовска со заменичко полномошно од адвокат Филип Медарски од Скопје и полномошникот на тужителот адвокат Ненад Јаниќевиќ од Скопје, го донесе следното :

Р Е Ш Е Н И Е

Предлогот поднесен од тужениот-предлагачот Винарска визба ИМАКО ВИНО ДООЕЛ Штип за повторување на постапката правосилно завршена со пресуда на Основен суд Штип П4.бр.78/15 од 18.01.2016 година, потврдена со пресуда на Апелациониот суд Штип Гж.бр.205/21 од 03.06.2021 година, како и барањето за надомест на трошоци во постапката во износ од 695.516,00 денари, СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАН.

СЕ ЗАДОЛЖУВА тужениот-предлагачот Винарска визба ИМАКО ВИНО ДООЕЛ Штип да му ги надомести на тужителот Владислав Михаилович Втулкин од Москва, граганин на Руската Федерација со живеалиште во Германија трошоците во постапката во износ од 348.867,00 денари во рок од 15 дена по приемот на решението.

Барањето на тужителот за надомест на трошоци во постапката како разлика од досудените 348.867,00 денари до бараните 432.867,00 денари; СЕ ОДБИВА.

О б р а з ло ж е н и е

Тужениот Винарска визба ИМАКО ВИНО ДООЕЛ Штип како предлагач преку полномошник Гоце Цоневски адвокат од Скопје до овој суд поднесе предлог за повторување на постапката правосилно завршена со пресуда на овој суд П4.78/15 од 18.01.2016 година, потврдена со пресуда ГЖ 205/21 од 03.06.2021 година на Апелационен суд Штип .

Во предлогот за повторување на постапката тужениот како предлагач наведува дека предлогот го заснова на чл. 392 ст 1 точка 5 и 9 од ЗПП. Тужениот наведува дека по добивање на второстепната пресуда истиот се стекнал со можност да употреби нови факти и докази врз

основа на кои за тужениот може да биде донесена поповолна одлука доколку овие докази и факти биле употребени во поранешна постапка. Имено, тужениот добил сознанија за факти кои биле поткрепени и со нови докази за тоа дека : извештајот за констатирана состојба воопшто не е анализиран и воопшто не се споменува договорот за деловно техничка и финансиска соработка од 13.11.2004 година, износите наведени како вложувања во извештајот вклучително и дописите од фирмите Фимер од Италија, ПИМ од Бугарија и Делла Тоффола од Италија воопшто не произлегуваат ниту имаат било каква поврзаност со договорот за деловно техничка и финасиска соработка од 13.11.2004 година , извештајот не бил изготвен во согласнсот со стандардите за утврдување настан за исплата според стандардите за финасиско работење, правилникот за водење на сметководство и според задолжителните меѓународни стандарди за финасиско известување МСФИ , извештајот не е соодветен и неможе да преставува веродостоен доказ во судска постапка (вистинита исправа) за факти дека се вршени исплати кои произлегуваат од договорот за деловно техничка и финасиска соработка, извештајот не може да претставува вешт наод и мислење во судска постапка, лицата Зоран Младеновски и Климент Стојановски наведени како вешти лица во записникот ВПП2Г-11/13 од 14.03.2013 година кои присуствувале на увидот не се регистрирани како вешти лице од областа на матријално финасиско работење, овие лица не биле потпишани во извештајот за констатирана состојба од септември 2013 година а лицето Надица Младеновска Крцкоска управител на економско правно биро Компанија Н.М не е регистирана како вешто лице од областа за материјално финасиско работење и немала лиценца, извештајот за констатирана состојба не е составен согласно правилата на струката за економското-финансиско работење и неможе да биде наменет за корисници во судска постапка, дописите од двете италијански и едната бугарска фирма, како и финасиските информации во врска со нив содржани во извештајот за констатира состојба од 2013 година не се веродостојни сметководствени документи согласно правилата за квалитет на мерење од МСФИ и не преставуваат економски веродостојни сметководствени документи за економска обврска за вложувања од основачи и за настанато плакање по договорот за деловна техничка и финасиска соработка од 2004 година за да можат да бидат признание како капитални вложувања обврска согласно МСФИ, вештиот наод од Биро за судски вештачења СВ I 32/2015 од 09.07.2015 година по содржина и форма е усогласен со правилата за вештачење од областа на економско финансиско материјално работење односно со правилата на струка на МСФИ, во книговотствена документација на Имако Вино и Имако ДОО не постои одлука или договор во кој е јасно изразена волјата на содржуникот Ристе Љуботенски, ниту постои книговодствено признавање на обврска на капитални вложувања на износите наведени во писмата и во извештајот за констатирана состојба од 2013 година односно дека износите во писмата преставуваат вложувања на Втулкин во врска со договор за деловно техничка и финасиска соработка од 2004 година, во периодот од 2003 до 2013 година во книговотствена документација на друштвата Имако вино и Имако ДОО нема економски расходи ниту резервации на идни обврски за настаната исплата по основ на договорот од 2004 година, ниту пак има исплати на име трошоци за

ангажиран ревизор од лицето Втулкин за остварување на неговото право на ангажирање ревизор согласно чл 229 од ЗТД. Предлагачот -тужениот наведува дека овие факти произлегуваат од новите докази и тоа : вешт наод и мислење од Миса Фајнанс ДООЕЛ Скопје од 29.06.2021 година, вешт наод и мислење од Идеја Плус Ревизија и консалтинг -вешто лице професор Др Јанка Димитрова од 21.06.2021 година, одговор на барање од Министерство за правда од 21.06.2021 година, изјава од Управителот Никола Љуботенски од 21.06.2021 година, изјава од Верица Љуботенска од 21.06.2021 година, изјава од основачот Ристе Љуботенски од 21.06.2021 година, изјава од Слободан Стојанов од 21.06.2021 година, финасиско известување од Слободан Стојанов, ТП Книговодствено биро Слободан С .Стојанов од 21.06.2021 година и наод и мислење СВ I 32/2015 од Биро за судски вештачења Скопје.

Во писмениот одговор на предлогот за повторување на постапката тужителот -противникот му предлага на судот да го одбие предлогот како неоснован бидејки не се исполнети условите за повторување на постапката. Тужителот-противникот наведува дека истакнатите околности во предлогот од страна на првотужениот биле веке истакнати во текот на правосилно завршената постапка а кој околности ги имал во предвид како Основниот суд така и Апелациониот суд и Врховниот суд на РСМ па оттаму со истакнување на наводите во предлогот првотужениот оди кон тоа повторно да води постапка за веке пресудена работа.

На рочиштето одржано на 23.01.2023 година за расправање по повод предлогот за повторување на постапката, полномошникот на тужениот како предлагач во излагање на предлогот за повторување на постапката изјави дека останува во целост при поднесениот предлог за повторување на постапката. Полномошникот на тужениот како предлагач изјави дека претходно со писмен поднесок доставен до доставен до судот на 29.12.2022 година доставува нов доказ решение со кое се отфрла кривичната пријава поднесена од Владислав Михајловик Втулкин од Москва против Ристе Љуботенски и Верица Љуботенска, донесено од ОЈО Штип во предметот Ко .бр.255/13 -III од 15.09.2016 година кој тужениот предлагачот го добил на 01.12.2022 година од ОЈО Штип. Овој доказ го доставуваат во смисол на одрдбите од чл 392 , 394 и 284 од ЗПП со напомена дека и овој нов доказ врз основа на наведените факти содржани во истиот како и со оглед на другите доставени докази кон предлогот за повторување на постапката несомнено може да се утврди сосема поинаква фактичка состојба од онаа која ја утврдил прсотепениот суд во поранешната постапка а ја потврдил и второстепениот суд, дотолку повеке што овој доказ преставува јавна исправа обвинителска одлука со која се потврдуваат за вистинити фактите содржани во истата согласно доказната сила која ја имаат јавните исправи утврдени во чл. 215 од ЗПП.Предлагаат судот да донесе решение со кое ќе го дозволи повторувањето на постапката.

На рочиштето одржано на 23.01.2023 година за расправање по повод предлогот за повторување на постапката, полномошникот на тжителот како противник во излагање на одговор на предлогот за повторување на постапката изјави дека не е исполнет ниту еден од двата услови пропишани во чл 392 ст 1 т 5 и 9 од ЗПП за повторување на постапката. Ова од причини што во предлогот тужениот истакнува

околности кои веке се истакнати во текот на правосилно завршената постапка и кои околности ги имал во предвид при одлуувањето во предметната парница Основниот, Апелациониот и Врховниот суд на РСМ. Му предлага на судот да донесе решение со кое предлогот за поторување на постапката ке биде одбиен како неоснован и при одлучувањето да постапи согласно јасните и категорични напатствија од страна на Апелациониот суд Скопје дадени во решението Гж.2012 /22 од 13.09.2022 година.

Заради одлучување по предлогот за повторување на постапката судот во доказна постапка судот изврши увид во тековна состојба за субјект Имако Вино ДООЕЛ Штип издадено од ЦР на РСМ, во решение од ЦР на РСМ за бришење на субјект имако ДОО увоз извоз Штип, во барање за изготвување на вешт наод и мислење од Имако Вино ДООЕЛ Штип до Идеја Плус ревизија и консталтинг Радовиш од 18.06.2021 година, во лиценца за вештачење на Јанка Димитрова издадена од Минист за правда, во вешт наод и мислење од вешто лице Проф др Јанка Димитрова од 21.06.2021 година, во тековна состојба издадена од ЦР на РСМ за правен субјект КОмпанија н. м ДОО Скопје, во одг на барање од Минсит за правда до Имако Вино ДООЕЛ Штип од 21.06.2021 година заверено кај заменик нотар Горан Каранфиловски под УЗП бр 6582/2021 од 22.06.2021 година, во изјава од Никола Љуботенски од 21.06.2021 година заверена кај ноатар , во изјава од верица Љуботенска 21.06.2021 заверена кај нотар, во изјава до Ристе Љуботенски од 21.06.2021 заверена кај нотар, во изјава од Слободан Стојанов од Штип до 21.06.2021 заверена кај нотар, во финансиско известување од 21.06.2021 г дадено од ТП Слободан С Стојанов Штип , во наод и мислење СВ I 32/2015 на Минст за правда БСВ изготвено за потребите на ОЈО Штип а изработено на 09.07.2015 , во преставка од Ристе Љуботенски до Судски совет на РСМ од 21.06.2021 година, во известување по преставка од Судски совет на РСМ во Ристе Љуботенски од 25.02.2020 година, во кр пријава од Ристе Љуботенски до ОЈО за организиран криминал и корупција Скопје заведено кај ОЈО со датум на приме од 02.03.2020 година, во вешт наод и мислење од Миса Фајнанс -Миса Протект Скопје од 29.06.2021 година, во лиценца за вештачење на Антонио Горгиев издадена од Минист за правда, во барање за изготвување на вешт наод и мислење до Миса Фајнанс Миса Протект Скопје од Имако Вино ДООЕЛ Штип од 16.06.2021 , во пресуда П4.78/15 од 18.01.2016 година на ОС Штип , во пресуда Гж бр 205/21 од 03.06.2021 г на Апелационен суд Штип, во одг на барање од Минист за правда до Имако Вино ДООЕЛ Штип од 21.06.2021 , во препис на записник ВПП 2 Г -11/13 составен на 14.05.2013 г од ОС Штип , во книга на удели на Винарска визба Инако Вино ДООЕЛ Штип , во извод за правни лица за плакање во странска валута број 5 , во извршување на дознака во странство за исплата по акредитив и тоа на износ од 30.000,00 евра , од 150.000,00 евра на износ од 20.000,00 евра, на износ од 20.000,00 евра, на износ од 40.000,00 евра , во вешт наод и мислење од вешто лице Јанка Димитрова од 12.11.2013 година со лиценца за вештачење, во извпштај за констатирана состојба изготвено од Економско правно биро компанија Н М од 10.10.2013, со тековна состојба издадена од ЦСР на РМ за Компанија НМ , во писмена доставени во фотокопија од Пим ООД од Бугарија од 11.04.2008 преведени од постојат судски преведувач Наташа Алексова, во писмено

доставено до Имако од Пим ДОО Касково преведно од постојан судски преведувач и заверено кај нотар, во писмено насловено до сите заинтересирани страни од Деллатоффола преведено од судски преведувач Драгана Басарова и заверено кај нотар, во книга на удели од 13.05.2016, во тековна состојба , во пресуда П4.бр.29/16 од 14.01.2016 г на ОС Штип, во пресуда РЕВ 2 н 527/2017 од 01.10.2019 на Врховен суд на РСМ, во пресуда К бр 429/15 од 25.12.2015 г на ОС Штип, во пресуда Кж бр 56/16 од 20.04.2016 на Апелационен суд Штип, судот изврши увид во списите во предметот П4.78/15 на ОС Штип, во одговор на барање од страна на ОЈО Штип од 01.12.2022 г до адв Мите Левков од Штип, во решение КО Бр 255/13-III 15.09.2016 г на ОЈО Штип, па врз основа на изведените докази и по севкупна оцена на околностите на конкретниот случај, судот одлучи како во изреката на решението поради следните причини:

Согласно чл.392 ст.1 т. 95, од ЗПП, Постапката што со одлука на судот е завршена правосилно може по предлог на странката да се повтори ако одлуката на судот се заснова врз исправа што е фалсификувана или во која е заверена невистинита содржина.

Согласно чл.392 ст.1 т. 9 од ЗПП:„Постапката што со одлука на судот е завршена правосилно може по предлог на странката да се повтори ако странката узнае за нови факти или најде или стекне можност да употреби нови докази врз основа на кој за странката можела да биде донесена поповолна одлука, тие факти или докази да биле употребени во поранешна постапка.“

Согласно чл.393 ст.2 од ЗПП:„Поради околностите наведени во чл.392 ст.1 т.1,7,8,9 и 10 и ст.3 од овој закон, повторување на постапката може да се дозволи само ако странката без своја вина не можела тие околности да ги изнесе пред поранешната постапка да биде завршена со правосилна судска одлука.“

Согласно чл.394 ст.1 т.4 од ЗПП, предлогот за повторување на постапката се поднесува во рок од 30 дена и тоа : во случаите од членот 392 ст.1 точките од 4 до 6 на овој закон, од денот кога странката узнала за правосилната пресуда во кривичната постапка, а ако кривичната постапка не може да се спроведе, тогаш од денот кога узнала за запирање на таа постапка или за околностите поради кои постапката не може да се поведе.

Согласно чл.394 ст.1 т.6 од ЗПП, предлогот за повторување на постапката се поднесува во рок од 30 дена и тоа : во случајот од чл.392 ст.1т.9 на овој закон, од денот кога странката можела да му изнесе на судотот нови факти, односно да му предложи нови докази.

Согласно чл.392 ст.2 од ЗПП, ако рокот определен во ставот 1 од овој член би започнал да тече пред да стане одлуката правосилна, тој рок ќе се смета од правосилноста на одлуката ако против неа не бил изјавен правен лек, односно од доставувањето на правосилната одлука на повисокиот суд изречена во последен степен.

Од увидот во списите во предметот П4.бр.78/15 на Основен суд Штип судот утврди дека пред Основниот суд Штип е поведена постапка по тужба на тужител Владислав Михаилович Втулкин од Москва, граѓанин на Руската Федерација со живеалиште во Германија против тужените Винарска визба ИМАКО ВИНО ДООЕЛ ДООЕЛ Штип и Трговско друштво за трговија производство и услуги ИМАКО ДОО увоз извоз Штип, основ

надомест на штета , вредност 1.915.458,00 евра. Со пресуда П4.бр.40/14 од 30.01.2015 година, Основниот суд Штип тужбеното барање на тужителот го усвоил и тужените се задолжени на тужителот да му ја надоместат штетата во износ од 1.915.458,00 евра со домицилна камата и трошоци во постапката. Незадоволни од пресудата тужените поднеле жалба. Со решение Гж бр 535/15 од 13.10.2015 г Апелациониот суд Штип ја усвоил жалбата на тужените, ја укинал првостепената пресуда и предметот го вратил на првостепениот суд на повторно судење. Во повторното судење Основниот суд Штип со пресуда П4.бр.78/15 од 18.01.2016 година повторно го усвојува тужбеното барање на тужителот и ги задолжил тужените да му ја надоместат на тужителот штетата во износ од 1.915.458,00 евра со домицилна камата и трошоци во постапката. Незадоволни од наведената пресуда тужените повторно поднеле жалба .Со пресуда Гж.бр.380/16 од 23.12.2016 година Апелациониот суд Штип ја усвоил жалбата на тужените, ја преиначил пресудата на Основен суд Штип П4.бр.78/15 од 18.01.2016 година и го одбил како неосновано тужбеното барање на тужителот со кое бара да се задолжат тужените на тужителот да му ја надоместат штетата во износ од 1.915.458,00 евра со камата и трошоци во постапката. Незадоволен од второстепената пресуда Гж бр 380/16 од 23.12.2016 година тужителот поднел ревизија до Врховниот суд на РСМ. Со решение РЕВ 2 бр 180/2017 година Врховниот суд на РСМ ја усвоил ревизијата , ја укинал пресудата на Апелациониот суд Штип Гж 380/16 од 23.12.2016 година и предметот го вратил на второстепениот суд на повторно одлучување. При повторното одлучување Апелациониот суд Штип со пресуда Гж 179/19 од 09.07.2019 година ја уважил жалбата на тужените, ја преиначил пресудата на Основен суд Штип П4.бр.78/15 од 18.01.2016 година и го одбил како неосновано тужбеното барање на тужителот со кое бара да се задолжат тужените на тужителот да му ја надоместата штетата во износ од 1.915.458,00 евра со камата и трошоци во постапката. Незадоволен од второстепената пресуда Гж бр 179/19 од 09.07.2019 година тужителот повторно поднел ревизија до Врховниот суд на РСМ. Постапувајки по поднесената ревизија од тужителот Врховниот суд на РСМ со решение РЕВ 2 бр 463/2019 година од 27.01.2021 година ја усвоил ревизијата, ја укинал пресудата на Апелациониот суд Штип Гж.179/19 од 09.07.2019 година и предметот го вратил на второстепениот суд на повторно одлучување. При повторното одлучување Апелациониот суд Штип со пресуда Гж 205/21 од 03.06.2021 година жалбата на тужените ја одбил како неоснована и ја потврдил пресудата П4.бр 78/15 од 18.01.2016 година на Основен суд Штип.

Пресудата П4.бр 78/15 од 18.01.2016 година на Основен суд Штип е правосилна на 03.06.2021 година па имајќи во предвид дека предлогот за повторување на постапката е поднесен од тужениот ИМАКО ВИНО ДООЕЛ ДООЕЛ Штип како странка во постапката кој не успеала во спорот, судот утврди дека предлогот за повторување на постапката е дозволен.

Од увидот во приложените докази од страна на тужениот како предлагач врз основа на кои како нови докази бара повторување на постапката и тоа барање за изготвување на вешт наод и мислење до Миса Фајнанс ДООЕЛ Скопје од 29.06.2021 година и вешт наод и мислење од Миса Фајнанс ДООЕЛ Скопје од 29.06.2021 година, судот

утврди дека ова вештачење е изготвено по поднесено барање од тужениот од 16.06.2021 година до вештото лице. Во предметното вештачење а врз основа на расположлива документација приложена од тужениот, вештото лице изготвило наод врз чија основа дава мислење дека : документот извештај НМ не може да добие третман на веродостојна финасиска информација во смисла на МСС и МСФИ за да биде вешт наод во судска постапка од областа на маетеријално финасиско сметководствено работење по форма. Лицата Зоран Младеноски и Климент Стојановски наведени како вешти лица во записникот на ВПП.2г -11/13 од 14.05.2013 година како и Надица Младеноска Крскоска уравител на економско правно биро Компанија Н. М не се запишани во регистатор на вештаци според информација бр 08-1749/2 од Министерство за правда., извештајот за констатирана состојба на компанијата Н.М 2013 година кој не е составен од вешти лица од областа на финасиско материјалното работење не бил намент за да служи како вешт наод од областа на материјално книговотствено работење во сдуска постапка затоа што не содржи битни елементи и не е исготвен согласно правилата и прописите, писма /дописи или друга писмена кореспонденција како е наведена во точка 2 и трите под точки на извештајот Н М помегу други лица која не е признанена со изјава на волја на еминтентт и книговотствените единици не е веродостојна финансика информација за економска одлука или обврска за да може да се смета дека е вложување ниту е обврска од договорот од 2004 или друго побарување со заедничко работење во врска со него и нема квалитет на веродостоен сметководствен документ, дописите од Делла Тоффола, ПИМ и ФИМЕР не се релавантни за финасиска информација согласно која може книговотствено да се призна за извршено плакање според тоа не постои обврска да бидат сметководствено евидентирани, вештиот наод и мислење на БСВ од 09.07.2015 година по соджрина и форма е вешт наод со мислење релевентно во судска постапка на материјално финасиско работење усогласен со правилата за вештачење од областа на економско финасиско материјално работење и стручните знаења и искуства односно со правилата на струка, во периодот од 2004 до 2013 година немало барање за посебна ревизија извршено д ревизор анагажиран од Втулкин или по налог на суд. Документите врз основа на кои го темели вештачењето вештото лице се : првостепена пресуда на Основен суд Штип П4.78/15 од 18.01.2016 година, пресуда на Алепационен суд во Штип Гж.205/21 од 03.06.2021 година, записник ВПП.2Г-11/13 од 13.05.2013 година на Основен суд Штип, решение на Основен суд Штип ВПП.15/13 од 13.05.2013 година, наод и мислење на БСВ Скопје СВ I 32/2015 од 09.07.2015 година , информација за економско финасиска состојба на субјектот Винарска визба ИМАКО ВИНО ДООЕЛ Штип на ЦР на РМ од 27.03.2013 година , извештај за констатирана состојба изготвен од економско правно биро Компанија НМ од 10.10.2013 година , информација известие од управител на ИМАКО ВИНО ДДОЕЛ Штип, информација известите од Слободан Стојанов овластен сметководител на ИМАКО ВИНО ДООЕЛ Штип и ИМАКО ДОО Штип , информациј аизвестие од книговотстевно друштво Слободан С. Стојанов , писмо од ФИМЕР Италија од 10.04.2008 г, писмо од ПИМ ООД хаско во Бугарија од 11.04.2008 година, писмо од Делла Тоффола С. п.А од Тревизо, Италија до сите заинтересиранис трани од 19.11.2017

година, писмо од ПИМ ООД Бугарија до ИМАКО од 05.11.2013 година, писмо од Делла Тоффола А.п.А од Тревизо Италија до сите заинтересирани странки од 20.01.2015 година, увид во книговотствена документација на ИМАКО ВИНО ДООЕЛ Штип од 16.06.2021 година, увид во книгвотствена евиденција и документација ИМАКО ДОО Штип од 19.06.2021 година , увид во книга на удели на ИМАКО ВИНО ДООЕЛ Штип, договор за деловно техничка и финасиска соработка од 13.11.2004 година во Штип помегу Втулкин Владислав и Ристе Љуботенски, одговор од Минситарство за правда од 21.06.2021 година.

Од увидот во списите во предметот П4.бр.78/15 на Основен суд Штип се утврди дека во пресудата П4.бр.78/15 од 18.01.2016 година потврдена со пресуда Гж 205/21 од 03.06.2021 година на Апелациониот суд Штип, во фактичка состојба судот ги утврдил фактите на околноста дека законскиот застапник на второтуженият Ристе Љуботенски и тужителот како стопанствевник од Москва на 13.11.2004 година склучиле договор за деловно техничка и финасиска соработка. Судот утврдил дека тужителот платил на италијанската компанија 508.712,00 евра за опрема и машина и дека тие биле испорачани и оставени кај Имако вино во Македонија. Утврдил дека тужителот вршел плакања и преку Бугарска фирма ПИМ Бугарија во износ од 683.341,00 евра од каде била купена опрема од тужителот за тужените како фирми во сопственост на договарачот Ристе Љуботенски. Судот утврдил дека плакањата тужителот ги извршил со негови сопствени средства.Судот утврдил дека како резултат на вложувањата на тужителот финасиката состојба на тужените се подобрила и тие станале успешни друштва .Вложувањата во машини и опрема за производство на тужените било констатирано од извештајот за констатирана состојба на економско правното биро компанија Н.М Скопје од 10.10.2013 година каде што биле констатирани вкупните вложувања опрема за производство на вино и дека тие биле платени од страна на тужителот во вкупен износ од 1.915.158,00 евра. Понатаму првостепениот суд утврдил дека Ристе Љуботенски како договарач во договорот за деловно техничка соработка од 2004 година наместо да постапи по договорот и да го исполни својот дел од обврската од тој договор изготвил документација според која тужителот пристапува со 49 % во вкупниот основачки влог .Утврдил дека тужителот во повеке наврати барал да му бидат доставени извештаи за потрошени средства но никогаш не добил и на крајот ја поднел тужбата за да си го врати она што го вложил кај тужените. Како причини од кои се раководеле Основниот суд Штип и Апелациониот суд Штип при одлучувањето и донесувањето на пресудите се околностите дека тужените во извршувањето на своите обврски не постапувале со внимание кое се барало во правниот промет и не го почитувале договорот склучен помеѓу нивниот основач и сопственик Ристе Љуботенски и тужителот, односно околноста дека тужителот вложил средства кај тужените а за возврат не добил ништо и поради тоа тужените имат обврска да му го платат дадениот износ.

Во пресудата Гж.бр.205/21 од 03.06.2021 година на Апелационен суд Штип е наведено дека жалбените наводи во однос на тоа дека извештајот за констатирана состојба не е вештачење и дека истиот не може да се користи како вештачење во предметот биле предмет на оценка на овој суд но истите не се прифатени од причини што извештајот

за констатирана состојба е изготвен во постапка за обезбедување на докази по барање на сега тужителот и врз основа на решение донесено од првостепениот суд. Извештајот е изготвен од стручни лица врз основа на непосреден увид во документација на туженият бидејки тој извештај е изготвен по налог на судот во постапка за обезбедување на докази и од вештаци-стручни лица кои што судот ги определил и тој извештај може да послужи за утврдување на фактичка состојба во овој предмет. Жалбените наводи по однос на потврдите од фирми од Бугарија и Италија кои што тужителот ги доставил како доказ за тоа дека тој вршел уплати за потреби на тужените односно за набавка на опрема за дејноста со која се занимаваат тужените биле предмет на оценка на овој суд но и овие жалбени наводи не се прифатени од причини што овие докази потврдуваат дека тужителот за тужените вршел уплата за набавка на опрема а дека тие се вистинити односно можат да послужат како доказ во овој предмет произлегува и од исказот на тужителот даден во текот на постапката како и од извештајот за констатирана состојба изготвен во постапка за обезбедување на докази. Наодот и мислењето од 09.07.2015 година изготвено од БСВ не е прифатен како доказ бидејки не е доставен во фаза од постапката како што тоа е предвидено во чл 235 од ЗПП.

Од увидот во списите во предметот П4.бр.78/15 на Основен суд Штип и тоа во писмените поднесоци, записници за одржана главна расправа и изведени докази во доказната постапка, судот утврди дека сите погоре наведени околности како факти содржани во доказот вешт наод и мислење од Миса Фајнанс ДООЕЛ Скопје од 29.06.2021 година со прилог документите врз основа на кои се темели вештачењето се околности кои како факти туженият ги истакнувал во текот на поранешната постапка и биле предмет на оценка од страна на судот во поранешната постапка. Од друга страна доказот вешт наод и мислење од Миса Фајнанс ДООЕЛ Скопје од 29.06.2021 година со прилог документите врз основа на кои се темели вештачењето, туженият имал можност и можел да ги предложи како докази и во поранешната постапка бидејки вештиот наод и мислење е изготвен по барање на туженият и врз основна на книговодствена евиденција и документација со која располагал туженият, па така туженият заради утврдување на факти на кои се повикува сега со предложениот доказ имал можност да го изнесе и прибави и пред да биде поранешната постапка завршена со правосилна пресуда а согласно пропишаното во чл.235 од ЗПП. Имено и во поранешната постапка туженият согласно чл.235 од ЗПП не бил спречен односно имал можност по свое барање да ангажира вешто лице да изготви вештачење и истото да го достави до судот со наод и мислење односно со содржина како сега доставениот од Миса Фајнанс ДООЕЛ Скопје бидејјки се однесува на факти кои му биле познати на туженият и во поранешната постапка и врз основа на на книговодствена евиденција и документација со која располагал туженият.

Од увидот во предложениот доказ - вештиот наод и мислење СВ I 32/2015 изработен на 09.07.2015 година од страна на Бирото за судски вештачење а по наредба на ОЈО Штип за потребите по предметот КО.бр.255/13, судот утврди дека со ова вештачење се утврдувани факти и околности поврзани по однос на склучениот Договор за деловно техничка и финасиска соработка помеѓу тужителот и Ристе Љуботенски односно дали е испочитувана обврската за вложување -инвестирање во

опрема,средства и капитал, во кој обем и на кој начин е направено сето тоа од сега тужителот, факти и околности по однос на деловната соработка на друштвата сега тужените со фирмата ПИМ Хасково од Бугарија во периодот сметано од 2003 година до 2008 година, на кој начин е вршено плаќањето на опремата, колкав износ на парични средства имаат плаќано овие две друштва на оваа фирма и по кои фактури за набавка на опрема за потребите на друштвата, дали оваа опрема е испорачана, кога и во кое друштво и врз основа на кое задолжување-фактура, со посебен осврт на доставеното известување Соопштение од ПИМ БУГАРИЈА. Во овој вешт наод и мислење е констатирана фактичка состојба и врз основа на фактичката состојба е даден наод и мислење со кое е утврдено дека во однос на начинот за набавка на опрема доставени се фактури и увозни царински декларации, а во однос на извршените плаќања за набавка на опрема, според книговодствена евиденција на Имако Штип биле извршени плаќања кон ПИМ Бугарија во вкупен износ од 61.154.197,000 денари и Дела Тофола Ирталија во вкупен износ од 16.573.976,00 денари, а плаќање за набавка на опрема од винарска Визба Имако Вино ДООЕЛ Штип кон ПИМ Бугарија нема евидентирано во аналитичко конто за овој добарувач и нема евидентирано палкање и за добавувач Дела Тофола Италија. Во наодот и мислењето е констатирано дека според книговодствена евиденција на Имако Штип вкупниот износ на евидентирани плакања кон ПИМ Бугариаја изнесува 61.154.197,00 денари или околу 999.000,00 евра. Во вештиот наод и мислење е утврдено дека доставените дописи од ПИМ Бугарија не преставуваат финасиски докази за плакање. Во наодот и мислењето е наведено дека во однос на плакањето на опремата на ПИМ Бугарија од страна на оштетениот Владислав Втулкин на вештачењето биле побарани банкарски изводи за извршени плакања. Таква документација не била доставена на увид. Плакањето за фактурите било извршено од страна на девизини сметки на Имако Штип. Во вештиот наод и мислење е утврдено дека дописите доставени од Дела Тофоло до Владислав Втулкин и до Имако Штип не се релаевантен доказ од кој може да се констатира плакање.

Од увидот во списите во предметот П4.бр.78/15 на Основен суд Штип се утврди дека доказот вешт наод и мислење СВ I 32/2015 изработен на 09.07.2015 година од страна на Бирото за судски вештачење а по наредба на ОЈО Штип за потребите по предметот КО.бр.255/13 година за првпат е доставен и приложен од страна на туженот со писмен поднесок до Апелациониот суд Штип на 26.08.2015 година со образложение дека доказот го имаат добиено после донесување на првостепената пресуда П4.бр.40/14 од 30.01.2015 година на Основниот суд Штип односно по поднесување на жалба од тужените а во смисла на чл.284 од ЗПП и истиот да се цени во жалбана постапка. Во прилог на овој писмен поднесок доставен е и прилог- писмен поднесок насловено како барање од Ристе Љуботенски преку неговиот полномошник до ОЈО Штип заведено пред ОЈО Штип под бр.ОНД од 20.08.2015 година. Во барањето се наведува дека против осомниченият Ристе Љуботенски има поведено постапка под КО.бр.255/13 за кривично дело од чл.353 ст.4,378 ст.1 и 247 ст.4 од КЗ. Во барањето е наведено дека во текот на постапката по барање на ОЈО Штип е извршено вештачење од Бирото за судски вештачења, па имајќи во предвид дека

осомниченият нема никакво известување за исходот на вештачењето, истиот бара да биде известен дали е завршено вештачењето, дали е доставен вештиот наод и мислење од вештото лице и доколку е изготвено и доставено овој вешт наод и мислење од Бирото за судски вештачења да биде доставен до осомниченият или неговиот полномошник. Имајќи во предвид дека вештиот наод и мислење СВ I 32/2015 е изработен од страна на Бирото за судски вештачење а по наредба на ОЈО Штип на ден 09.07.2015 година, а истиот доказ бил доставен на осомниченият Ристе Љуботенски како содружник на тужениот подоцна на 20.08.2015 година, судот утврди дека доказот - вештиот наод и мислење СВ I 32/2015 изработен од страна на Бирото за судски вештачење врз основа на кој сега тужениот бара повторување на постапката е поднесен во рок од 30 дена од денот кога можел да му го приложи на судот во предметната постапка.

Доказот вештиот наод и мислење СВ I 32/2015 изработен од страна на Бирото за судски вештачење а доставен од тужениот со писмен поднесок во жалбената постапка против пресудата П4.бр.40/14 од 30.01.2015 година на Основниот суд Штип, при повторното судење од страна на првостепениот суд со решение не е одбиен да се изведува како доказ ниту пак е изведен како доказ во доказна постапка. Овој доказ за првпат се споменува во пресудата Гж 205/21 од 03.06.2021 година на Апелациониот суд Штип каде што Апелациниот суд наведува дека наодот и мислењето од 09.07.2015 година изготвен од Бирото за судски вештачења не е прифатен како доказ бидејќи не е доставен во фаза од постапката како што тоа е предвидено во чл.235 од ЗПП.

Од увидот во приложениот доказ од страна на тужениот како предлагач врз основа на кој бара повторување на постапката и тоа решение Ко бр 255/13 -III од 15.09.2016 година на ОЈО Штип судот утврди дека со ова решение е отфрлена кривичната пријава поднесена од Владислав Михаилович Втулкин од Москва против Ристе Љуботенски, Верица Љуботенска двајцата од Штип и против НН сторител за кр. дело „ Злоупотреба на службена положба и овластување“ од чл 353 ст 4 в . в со ст 1, „ Фалсификување на исправа“ од чл. 378 ст 1 в.в со чл 379 ст 1 т.1 , 2 и 5 и „ Измама “ од чл. 247 ст 4 в.в со ст 1 од КЗ за тоа што пријавените дела не се кривични дела за кое се гони по службена должност. Овој доказ е прибавен од страна на тужениот по претходно поднесно писмено барање од тужениот до ОЈО Штип на ден 30.11.2022 година преку адвокат Мите Левков од Штип , кој тужениот го добил на 01.12.2022 година.

Имајќи ги во предвид претходно утврденити околности како факти а кои произлегуваат од изведените докази во постапката судот одлучи како во изреката на решението поради следните причини :

Од изведените докази во постапката а пред се од увидот во списите во предметот П4.бр.78/15 на Основен суд Штип судот утврди дека фактите детално наведени во предлогот за повторување на постапката а врз основа на кои тужениот го заснова предлогот за повторување на постапката согласно пропишаното во чл.392 ст.1 т.9 од ЗПП, се факти кои тужениот ги истакнувал и во текот на поранешната постапка и биле предмет на оценка од страна на судот во поранешната постапка а од друга страна имајќи во предвид дека сега приложените докази од страна на тужениот како нови докази врз основа на кој го

заснова предлогот за повторување на постапката се прибавени по барање на тужениот и врз основа на приложена документација од тужениот укажува на тоа дека овие факти му биле познати на тужениот и за времетраењето на поранешната постапка така што тужениот имал можност да ги изнесе пред да биде завршена поранешната постапка со правосилна пресуда и тоа во време пред да престанало правото на изнесување на новите факти во постапката чие повторување се бара. Имено согласно начелото од чл.7 ст.2 од ЗПП, странките се должни да ги изнесат сите факти врз кои ги засноват своите барање и да предложат докази со кои се утврдуваат тие факти. Во конкретниот случај на тужениот му биле познати фактите кои во предлогот за повторување на постапката ги наведува како нови факти и за времетраењето на поранешната постапка, па небрежноста на странката сега тужениот во пронаогање на сите докази за потврда на фактите можат да одат само на нејзина штета како санкција за непридржување кон начелото од чл.7 ст.2 од ЗПП, поготово во ситуација кога тужениот не бил спречен согласно пропишаното во чл.235 од ЗПП да предложи доказ-вешт наод и мислење со содржина како сега доставеното од Миса Фајнанс ДООЕЛ Скопје и од Бирото за судски вештачења со прилог документите врз основа на кои се темели вештачењата, бидејки вештиот наод и мислење од Миса Фајнанс ДООЕЛ Скопје е изготвен по барање на тужениот кое нешто можел да го побара и да го прибави и во поранешната постапка, а од друга страна и двете вештачења како од Миса Фајнанс ДООЕЛ Скопје така и на Бирото за судски вештачења се изготвени исклучиво врз основа на документација со која располагал тужениот.

Имајки ги во предвид погоре дадените причини на околноста да фактите наведени во предлогот за повторување на постапката како нови факти, му биле познати на тужениот и во поранешната постапка и истиот имал можност и во поранешната постапка да предложи докази за потврда на фактите, со содржина како и сега предложените и доставени со предлогот за повторување на постапката, како и дадените напатсвија и укажувањата од Апелациониот суд Скопје на околноста дека доказот вештиот наод и мислење СВ I 32/2015 изработен од страна на Бирото за судски вештачење бил доставен во жалбената постапка до Апелациониот суд Штип и истиот не бил прифатен односно овој доказ бил употребен односно искористен без успех во поранешната постапка, овој суд оцени дека не се исполнети пропишаните законски претпоставки во чл.392.ст.1 т.9 од ЗПП за повторување на постапката а пред се исполнети условите согласно пропишаното во чл.393 ст.2 од ЗПП да повторување на постапката може да се дозволи само ако странката без своја вина не можела тие околности да ги изнесе пред поранешната постапка да биде завршена со правосилна судска одлука.

Согласно пропишаното во погоре цитираните законски одердби, новите факти врз основа на кои во смисла на чл.392 т.9 од ЗПП може да се бара повторување на правосилно завршената постапка, треба да настанале во време додека во постапката чие повторување се бара нивното изнесување било можно односно новите докази да се однесуваат на факти кои настанале во време пред да престанало правото на изнесување на новите факти во постапката чие повторување се бара па така судот оцени дека во конкретниот случај предложениот доказ решение КО Бр 255/13-III 15.09.2016 г на ОЈО Штип не преставува нов

доказ во смисла на чл. 392 т.9 од ЗПП имајки во превид дека овој доказ воопшто и не постојал во времето на пресудувањето а од друга страна правосилната пресуда во поранешната постапка со која тужениот е задолжен да му ја надомести штетата на тужителот и утврдената фактичка состојба во правосилната пресуда не се заснова на надомест на штета причинета со дејствија како елементи на кривично дело поради кое е покренатa кривичната постапка односно поднесена кривична пријава.

Судот оцени дека не се исполнети и предвидените законски препоставки за повторување на постапката согласно пропишаното во чл.392 ст.1 т.5 од ЗПП, бидејки во текот на постапката тужениот како предлагач не достави правосилна пресуда во кривична постапка или друг доказ со кој со сигурност се докажува дека извештајот за констатирана состојба од Економско -правно биро Компанија НМ е исправа во која е заверена невистинита содржина.

За трошоците во постапката судот одлучи согласно чл.148 од ЗПП и го задолжи тужениот како предлагач да му ги надомести на тужителот трошоците во постапката во вкупен износ од од 348.867,00 денари од кои : износ од 55.224,00 денари на име награда за состав на одговор на предлог за повторување на постапката со зголемување 100% за странско физичко лице , 30 % паушал и 18 % ддв, износ од 82.836,00 денари на име награда за состав на жалба со зголемување 100% за странско физичко лице , 30 % паушал, 50 % зголемување за состав на правен лек и 18 % ддв, износ од 198.807,00 денари на име награда за застапување на расправа со зголемување 100% за странско физичко лице , 30 % паушал , 20 % часовнина и 18 % ддв (3х66.269,00 денари) и износ од 12.000,00 денари на име судска такса за жалба кои износи се во согласност со А.Т и Законот за судски такси.

Барањето на тужителот за трошоци во постапката како разлика од досудените 348.867,00 денари до бараните 432.867,00 денари судот го одби и тоа во делот на барањето трошоци за судски такси како разилка од досудените 12.000,00 денари до бараните 96.000,00 денари од причини што тужителот има платено судска такса за жалба во износ 12.000,00 денари кој износ е во согласност со Законот за судски такси.

ОСНОВЕН СУД ВО ШТИП, 23.01.2023 година

Претседател на Совет
Судија,
Анита Јорданова с.р.

ПОУКА: Против ова решение дозволена е жалба во рок од 15 дена по приемот на решението преку овој суд до Апелациониот суд Штип.

ДН: - Предлагач-тужен Имако вино ДООЕЛ Штип преку полномошник Гоце Цоневски адвокат од Скопје

- Противник-тужител Владислав Михаилович Втулкин од Москва преку полномошник адвокат Ненад Јаникевиќ од Скопје